**Податоци согласно член 344 ст. 3 од Законот за трговските друштва за кандидатите за членови на Одборот на директори, номинирани од Одборот на директори**

1. Дионисиос Роутсис, постоен вршител на должноста член на Одборот и Претседател на Одборот на директори на ОКТА. Маж, 66 годишна возраст, Хемиски инженер од National Technical University of Athens, со повеќе од 35 годишно работно искуство во нафтената индустрија, поранешен директор на Рафинеријата во Hellenic Petroleum SA Greece. Бил носител на поважни функции во друштва како Petrola Hellas SA Refinery Greece, Petromin Petrola Rabigh Refinery Saudi Arabia и Hellenic Petroleum SA Greece, во кои бил носител на позиција во управувачките органи. Пензиониран.

2. Вук Радовиќ, постоен вршител на должноста член на Одборот и Главен извршен директор на ОКТА. Маж, 49 годишна возраст, Машински инженер, со 22 годишно работно искуство, од кои 16 години во нафтената индустрија. Бил носител на поважни функции во повеќе друштва од Хеленик Групацијата, поранешен член на Одборот на директори на ОКТА, и доскорешен управител на ЕКО СРБИЈА.

3. Василиос Багиокос, постоен вршител на должноста член на Одборот на директори на ОКТА. Маж, 48 годишна возраст, Рударски инженер, Магистер по бизнис администрација и кандидат за доктор на науки на Panteion University of Social and Political Sciences, со речиси 25 годишно работно искуство во различни државни и владини тела и установи, во повеќето од кои бил носител на водечка позиција како Шеф на кабинет, Директор на дирекција и Инженер, а истовремено бил носител на функции во Одборот на директори на Hellenic Petroleum SA и Manpower Employment Agency (O.A.E.D). Во минатото бил овластен ревизор на Финансиската Надзорна Комисија, член на повеќе законодавни комисии, член на Советодавната Комисија за Надзор на Имплементацијата на Планот за Стратегија и Работење на Грчкиот Парламент за периодот 2014-2020, итн. Сегашен Специјален Секретар на Грчкиот Парламент.

4. Панос Схиатис, маж, 43 годишна возраст, Дипломиран економист по сметководство и финансии, ACCA Fellow, со 16 годишно работно искуство во областа на ревизијата и 2 годишно искуство финансиско известување во нафтената и гасната индустрија. Бил носител на поважни функции, како член на Одборот на директори на Hellenic Petroleum Finance Plc и HELPE Sea of Thrace, како и Главен оперативен директор на PwC Audit. Во моментот е носител на менаџерска позиција во Hellenic Petroleum SA Greece.

5. Спиридон Гкикас, маж, 58 годишна возраст, Дипломиран економист по сметководство и финансии, Магистер по применета економија и финансии, Магистер по бизнис администрација, Дипломиран хемиски инженер, Магистер по интегриран дизајн на хемиски централи, со повеќе од 30 годишно работно искуство во нафтената индустрија стекнато во друштва како SHELL, TEXACO-CHEVRON и повеќе друштва од ХЕЛПЕ Групацијата. Во минатото, а и денес, бил носител на повеќе важни функции во управни тела во рамки на ХЕЛПЕ Групацијата, од кои највисока позиција Заменик Претседател на Одборот на директори на Hellenic Petroleum International Consulting. Во моментот е носител на функциите Постар Директор за Финансиско работење и Продажба и Постар Директор за Стратегија за домашен пазар во ХЕЛПЕ.